Врз основа на одредбите од Законот за трговските друштва и членовите 28 и 31 од Статутот на МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп (во понатамошниот текст наведено како “Друштвото”), Одборот на Директори на

**МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп**
**до акционерите на Друштвото објавува:**

# ЈАВЕН ПОВИК
## За учество на Годишното Собрание на акционери

**Годишното Собрание** на акционери на МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп, **ќе се одржи на ден 30 мај 2023 година (вторник), со почеток во 12:00 часот**, во седиштето на Друштвото на ул. Леце Котески бр.60А во Прилеп, со следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

**А. Процедурален дел:**

1. Избор на претседавач со Собранието;
2. Верификација на список на пријавените акционери и констатирање на кворумот за работа;
3. Усвојување на записникот од претходната седница од Собранието на акционери;
4. Усвојување на дневниот ред.

**Б. Работен дел:**

5. Годишна сметка на Друштвото за периодот 01 јануари до 31 декември 2022 година; со
- Предлог-Одлука за усвојување на Годишната сметка;
6. Финансиски извештаи и Извештај на независните ревизори за 2022 година; со
- Предлог-Одлука за усвојување на Финансиските извештаи и Ревизорскиот извештај;
7. Годишен Извештај за работата на Друштвото за 2022 година; со
- Предлог-Одлука за усвојување на Извештајот;
8. Предлог-Одлука за распределување на добивката од 2022 година;
9. Предлог-Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на Директори;
10. Годишен извештај на Внатрешната Ревизија за 2022 година; со
- Предлог-Одлука за усвојување на Годишниот извештај;
11. Предлог-Одлука за избор на друштво за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2023 година;
12. Предлог - Одлука за избор на член на Одборот на Директори;
13. Предлог – Одлука за реизбор на член на Одборот на Директори.

**Се повикуваат акционерите да го пријават своето учество на Собранието.**

Секој акционер кој има намера да учествува на Собранието на Друштвото, должен е да го пријави своето учество на Собранието (**пријава за учество на Собранието**) најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание.

Пријавите да се достават до Друштвото – Правна служба.

Собранието ќе одлучува само за прашањата кои се уредно ставени на дневниот ред, согласно Статутот на Друштвото и Законот за трговски друштва.

Гласањето по точките од дневниот ред ќе се врши на начин согласно Статутот и Законот за трговски друштва.

Секој акционер може да овласти свој полномошник со писмено полномошно, за што е должен да го извести Друштвото по писмен пат или електронски. Податоци за начинот на испраќање на известувањата за полномошната и обрасците за гласање преку полномошник се достапни на официјалната интернет страница на Друштвото http://www.mermeren.com .

Согласно Законот за трговските друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас имаат право да достават предлог за дополнување на дневниот ред и одлуки по точките од дневниот ред.

Акционерите можат да доставаат предлози за вклучување на нови точки во дневниот ред, предлози на одлуки и прашања најдоцна до 05 мај (петок) 2023 година, до 16:00 часот. Подетални информации за постапката на доставување предлози и прашања може да се најдат на официјалната интернет страница на Друштвото http://www.mermeren.com .

Материјалите за Собранието на Друштвото и дополнителни информации согласно Законот за трговски друштва, им се достапни на акционерите од денот на објавувањето на овој повик, секој работен ден во правната служба на Друштвото и на интернет страницата на Друштвото http://www.mermeren.com **.**

**Одбор на Директори**